тетекс АД - ТЕТОВО
ВОЛНАРСКИ КОМБИНАТ * WOOL TEXTIL AND CLOTHING COMPANY
SINCE 1951
teteks AD - TETOVO
ТЕТЕКС АД, Б. Миладинови 1, 1200 Тетово, Македонија / TETEKS AD, Tetovo, B. Miladinovi 1, Macedonia
tel. +389 44 355000; 355001; fax. +389 44 339470; 339101 www.teteks.com.mk ; teteks@t.mk

Образложение за остварените резултати
за периодот јануари-јуни 2022 година

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи на ТЕТЕКС АД ; споредено со последните ревидирани финансиски извештаи во периодот 01.01-30.06.2022год. немаше промени.

**Вкупни приходи**

ТЕТЕКС АД за периодот јануари-јуни 2022 година оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидираниот единечен Биланс на успех.

Приходите остварени од продажба на готови производи и услуги се 21.086 илјади ден, и истите се резултат од редовното работење; во што се вклучени приходи од кирии,услуги и продажба на готови производи и стоки.

За тековниот период во финансиските приходи од 17.781 илјади ден, се евидентирани приходите од примени дивиденди; додека минатата година не се бележат приходи од примени дивиденди.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот јануари – јуни 2022 година изнесуваат 28.644 илјади денари и во споредба со истиот период во 2022 година, кога изнесувале 25.342 илјади ден, бележат зголемување за 13 %.

**Дивиденда**

Во изминатиов период исплатена е бруто дивиденда во износ од 45.559 илјади,
односно 110ден. по акција.

**инвестиции**

Во периодот нема вложувања во материјални средства. .

.
**Обврски по кредити**

До 30.06.2022год. нема задолжувања по нови кредити.

. **Финасиски резултат**

Остварената добивка за периодот изнесува 5.361 илјади, што претставува зголемување од 66% во однос на истиот период минатата година ,кога истата инесуваше 3.231 илјади.

**планови-очекувања**

Напорите на менаџментот на ТЕТЕКС АД ,во постоечките услови на работа , се насочени кон менаџирање на постоечките расположиви капацитети на недвижен и движен имот, како и залихите на материјали, производи и стоки, за да се оствари приход и позитивен резултат од работењето , согласно финансискиот план за 2022година.